# Генетски модифицираните организми во Македонија?
**Д-р. Жидас Даскаловски[1]**

Повеќе видови на храна се добиваат со генетска модификација како на пример, оризот, пченицата, пченката и сојата. Генетски модифицираните организми (ГМОи) можат да се користат во исхраната на човекот. Прашањата кои се битни за Македонската јавност се дали можеме да бидеме сигурни дека ваквата храна е безбедна, односно здрава, за јадење, дали ГМОи ја загрозуваат човековата околина и како истите да бидат законски регулирани. Во Република Македонија е изготвена работната верзија на законот за ГМОи, но во неа отсуствуваат некои важни работи, кои се надеваме дека ќе бидат направени и законот ќе биде усвоен во најкраток временски рок. По краткиот вовед на оваа тема следи подетална анализа на работната верзија на Македонскиот закон за (ГМОи) со регулативите на Европската комисија и законот за ГМОи во Бугарија.

ГМОи за прв пат беа посеани за комерцијални цели во раните 1990ти. Идејата била дека со нивната употреба ќе се зголеми отпорноста кон разните бубачки и штетни микро-организми кои го напаѓаат плодот, дека приносот ќе се зголеми а неговата хранлива вредност ќе биде поголема, и дека ќе се намалат цените. Денес, главните произведувачи на храна од ГМОи се Соединетите Американски Држави (САД), како најголем произведувач, Аргентина и Канада.

Освен во Америка користењето на ГМОи наидува на голема спротиставеност кај државите и потрушувачите. Главната забелешка е дека таквата храна е небезбедна, и непотребна, како и дека лошо ќе влијае на човековата околина. Во моментов се дискутира потребата на регулирање на две прашања, односно јавни политики: безбедноста на таквата храна по здравјето на луѓето, како и потребата од посебното обележување/етикетирање и означувањето на потеклото на генетски модифицираната храна. Пристапот на САД е полиберален за разлика од тој на Европската Унија. Во Европа потрошувачите бараат да знаат кое е потеклото и составот на храната што ја купуваат.

Во 1998 година ЕУ забрани увоз на ГМОи. САД ја оспорија ваквата мерка пред Светската Трговска Организација (СТО) во Мај 2003 тврдејќи дека забраната им штети не само на биотехнолошката индустрија туку и на земјите во развој и земји како Замбија кои одбиваат помош со ГМОи. Прелиминарната одлука на СТО е дека мерката на ЕУ ја загрозува меѓународната трговија. Во Јуни 2005, ЕУ го одби предлогот на Европската комисија да се прекине со забраната на увоз на ГМОи. Исто така, уште на почетокот на 2000те Европската Унија инсистираше на нови регулативи кои се стремат да ја зголемат довербата кај потрошувачите. Беа спроведени директиви, како 2001/18/ЕУ, со кои се бара авторизација за продавање на ГМОи на пазарот.

Постојат повеќе причини за отпор кон ГМОи, пред се заради ризикот кон човековата околина но и кон здравјето на човекот. Научниците немаат целосен увид и јасна идеја за можното штетно влијание на ГМОи на човековата околина. Една од грижите на научниците и борците за заштита на човековата околина е прашањето за генетските вкрстувања помеѓу ГМОи и „обични„ билки или организми. Можно е влијание дури и на пеперутки или птици.

И покрај сета контроверзност ГМОи се шират со рапидно темпо, во 2004 година, посеаните површини се зголемија за 20%. Бразил ја укина забраната за ГМ соја, доека Кина исто така го либерализира своето законодавство. Романија произведува ГМ соја, а Шпанија мали количини на ГМ пченка. Главните производители на ГМОи Monsanto и Syngenta се многу моќни мултинационални компании кои ја туркаат својата агенда ширум светот. Според непрофитната организација International Service for the Acquisition of Agri-biotech Applications (ISAAA), многу сиромашно земји брзо и со ентузијазам ќе ги прифатат ГМОи. Причината се трошоците- во моментов 9% од приносите пченка се губат заради штетници и болести на билката. Доколку се сее пченка која е ГМ овие трошоци ќе изостанат. Од сето горе наведено, јасно е дека потребата од дискусија, и тоа стручна дискусија на оваа тема е повеќе од очигледна.

[1] Авторот предава на Политички Студии при Правен Факултет на Универзитетот Кирил и Методиј, и е главен аналитичар во Центар за Истражување и Креирање Политики www.crpm.org.mk.

**Споредба на работната верзија на Македонскиот закон за генетички модифицирани организми (ГМОи) со регулативите на Европската комисија и законот за ГМОи во Бугарија**

**Вовед**

Во земјите на Европската унија, законот за генетски модифицирани организми е присутен од 2001 година. Со приближувањето на Македонија кон Европската Унија и нејзиниот статус на кандитат членка, Македонија е должна своето законодавство да го усогласи со законодавството во ЕУ. Од тие причини, во процес е изработката и донесувањето на Македонскиот закон за ГМОи.

Од големо значење е овој закон да биде добро прилагоден на законодавство во ЕУ и условите во државата, но и да поседува низа подзаконски акти, уредби и регулативи со кои ќе се овозможи неговата практична примена. Според планот на Владата на Република Македонија, крајниот рок за донесувањето на овој закон е крајот на 2007 година. Сметаме дека овој период е премногу долг и донесувањето на законот треба да се случи многу порано, со цел да се овозможи неговата примена и заштита на биодиверзитетот во Македонија од неконтролираното ослободување на генетски модифицираните организми во животната средина.

Според тоа, оваа анализа треба да ги образложи основните принципи на законите во ЕУ, но и во нашето соседство, да ги прикаже потребите од добро осмислен и јасно дефиниран закон кој е практично применлив со помош на дополнителни уредби. Македонскиот закон за генетски модифицирани организми не смее да биде усвоен доколку не ги содржи основните начела и принципи присутни во законите кои беа предмет на анализата, а тоа се Директивата од ЕУ и законот во Република Бугарија).

Значи, работната верзија треба што побргу да биде доработена и тоа во согласност со ЕУ стандардите, како и да стапи што побргу на сила со што би се постигнало контролирана употреба на генетски модифицирани организми, а со тоа и биосигурност.

*Работна верзија на законот за ГМОи во Република Македонија*

Работната верзија на законот за генетски модифицирани организми во Република Македонија ги утврдува правата и должностите на правните и физичките лица во врска со управувањето со генетски модифицираните организми (ГМОи) и со производите што содржат ГМОи. Исто така овој закон ги регулира и мерките за спречување и намалување на негативните ефекти врз животната средина и врз здравјето на луѓето, како последица на ограниченото користење на ГМОи, намерното испуштање на ГМОи или на производи кои што содржат или се состојат од ГМОи во животната средина, како и увозот, извозот и прекуграничното движење на ГМОи и производи кои што содржат ГМОи.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во зконодавството од ЕУ, Директивата 2001/18 која се однесува на намерното ослободување на ГМОи во животната средина е донесена на 12 март 2001 година од страна на Европскиот парламент и Советот. Оваа Директива подоцна е дополнета со неколку Регулативи кои се наоѓаат во Анекс 1.

Во законодавството на ЕУ се опфатени и дефинирани сите членови, донесени се Регулативи кои се однесуваат на работата со ГМОи и нивното влијание како врз здравјето на човекот, така и врз животната средина. Исто така оваа Директива содржи и неколку Анекси.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Законот за ГМОи во Република Бугарија е донесен на 39 народно собрание на 15.03.2005 година и го опфаќа следното: работа со ГМОи во контролирани услови; ослободување на ГМОи во животната средина; пуштање на пазар на ГМОи или продукти добиени од нив; пренесување на ГМОи; увоз, извоз и транспорт на ГМОи. Во законот за ГМОи во Република Бугарија во основната законска рамка се објаснети сите членови кои се однесуваат на управувањето со ГМОи, таму нема посебни регулативи, но исто така има неколку Анекси кои се однесуваат на работата со ГМОи и нивното влијание врз здравјето на човекот и животната средина.

## Анализа и споредба на законите и регулативите за ГМОи во Македонија, Бугарија и земјите-членки на ЕУ

Работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија е изработена во 2004 година, а Еко-свест ја доби од Министерството за животна средина и просторно планирање, додека законот за ГМОи во Република Бугарија и законодавството во ЕУ ги обезбеди преку интернет. Причината за избор на Бугарскиот закон за споредба со Македонскиот е поради тоа што Бугарија е наша најблиска соседна држава во која е донесен и имплементиран овој закон. Европската Директива, исто така беше избрана за оваа анализа бидејќи Македонија се стреми за приближување и усогласување на законодавството со она од ЕУ.

Анализата беше вршена според работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија, а членовите кои се содржат во него беа споредувани со членовите во останатите закони.

Според анализата која беше направена може да се заклучи дека приоритетните цели на законите се базираат на следните принципи:

- висок степен на заштита на животната средина и на здравјето на луѓето при управувањето со ГМОи и производите што содржат ГМОи;
- следење на развојот и користење на ГМОи и на производите што содржат ГМОи; зачувување на биолошката разновидност и контролирање на намерното ослободување на ГМОи и на производите што содржат ГМОи во животната средина како и запазување на одредени правила за увоз и извоз на ГМОи или продукти кои што содржат или се состојат од ГМОи;
- одредување на траги на ГМОи и соодветно означување на продуктите кои се добиени од ГМОи.

## Анализа на конкретни членови од законите

### Дефиниции

Во членот кој се однесува на поставување на дефиниции во врска со законите, во сите три закони се среќаваат дефиниции за: жив организам, микроорганизам, генетски модифицирани организми (ГМОи), намерно ослободување на ГМОи во животната средина, пуштање на ГМОи во промет, ГМ производ, ограничено користење на ГМОи, несреќа или хаварија, кумулативни долготрајни ефекти, непосредни ефекти, модерна биотехнологија, нотификација, нотификатор, прекугранично движење, проценка на ризиците врз животната средина, извоз и увоз, пласирање на пазарот.

### Начела

Следните начела се наведени и дефинирани во ЕУ Директивата и во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија, додека во законот за ГМОи во Република Бугарија истите не се спомнати. Тоа се следните начела: начело на интегрираност, начело на претпазливост, био-етичко начело, начело од случај до случај, начело чекор по чекор, начело на одговорност, начело на учество на јавноста и пристап до информации.

Дефинирањето на овие начела во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија е во согласност со ЕУ Директивата, за разлика од бугарскиот закон, каде истите не постојат. Ова го сметаме како добар знак за тенденциите на Република Македонија да го усогласи своето законодавство со ЕУ законодавството, пред земјите кои веќе се приклучуваат кон Европа.

## Комисии и советодавни тела

*Работна верзија на законот за ГМОи во Реублика Македонија*

Во Република Македонија по усвојувањето на законот треба да се формира Комисија за управување со ГМОи која треба да биде составена од 15 члена и да има мандат од 4 години. Треба да се формираат и 2 Научни Комитети, и тоа Научен Комитет за работа со ГМОи при ограничено користење и Научен Комитет за намерно ослободување на ГМОи во животната средина и пуштање на производи во промет. Функциите на овие тела би биле следење на условите и развојот на генетските технологии и управувањето со ГМОи; давање на мислења и предлози како и завземање свои ставови во врска со социјалните, етичките, техничките, научните и другите аспекти на управувањето со ГМОи; советување на владата на Република Македонија и информирање на јавноста за својата работа односно за условите и развојот во полето на користење на генетската технологија и управувањето со ГМОи, како и за размената на искуства и податоци со слични институции. Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија не се спомнува дека постои било какво советодавно тело кое ќе има обврска за имплементација на Протоколот од Картагена[2]. Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија воопшто не се спомнува Протоколот од Картагена.

Ова јасно укажува на потребата, Протоколот од Картагена да се вклучи во законот за ГМОи. Во спротивно, сметаме дека законот ќе биде некомплетен и како таков, Собранието не треба да го изгласа.

*Законот за ГМОи во ЕУ*

Во државите членки на ЕУ се формирани следните тела:
Комисија за ревизија на Директивата која ги има следните обврски, а кои не се спомнати во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија:

-посебна надлежност во однос на дополнување на режимот за одбележувањето во согласност со Белата книга за безбедност на храната;
-надлежност за поднесување на барање за спроведување и целосна реализација на Протоколот од Картагена во рамки на Конвенцијата за биоразновидност;
-превземање неопходни мерки за обезбедувањето на следењето и за одбележувањето во сите фази на пласирањето на пазарот на ГМОи;
-формирање свои Комитети што може да ги консултира по сопствена иницијатива или по барање на Европскиот парламент или Совет за добивање на различни совети, како на пр. совети за влијание на биотехнологијата врз етичките принципи и сл.

*Законот за ГМОи во Бугарија*

Компетентни органи кои се спомнуваат во законот за ГМОи во Република Бугарија се информативниот систем „Клириншка куќа за биобезбедност„ за исполнување на должностите на Протоколот од Картагена и Консултативна Комисија за ГМОи составена од 15 членови со мандат од 4 години, формирани од страна на Министерство за животна средина и води.

## Ограничено користење на ГМОи

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во однос на членот „класи“, во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија се класифицирани 4 класи во зависност од степенот на ризик за животот и здравјето на луѓето и за животната средина кој може да настане при намерно ослободување

---

[2] Протокол за биосигурност во рамките на Конвенцијата за биолошка разновидност. РМ го потпиша на 26 јули 2000 година, а е ратификуван на 12 септември 2005 година. Целта на овој Протокол е да даде придонес во гарантирањето соодветно ниво на заштита на полето на безбедниот пренос, ракување и употреба на живи модифицирани организми кои се производ на модерната биотехнологија, а кои би можеле да имаат неповолни последици за зачувувањето и одржливото искористување на биолошката разновидност, притоа водејќи сметка за ризиците по здравјето на луѓето, особено фокусирајќи се на прекуграничното движење.

на ГМОи, и тоа: безначаен ризик, низок ризик, умерен ризик и висок ризик. Постојат критериуми за класификација и критериуми за одредување на мерки за безбедност.

*Законот за ГМОи во ЕУ*

Во законот од ЕУ не се среќава класифицирање на степенот на ризик при ограничено користење и управување со ГМОи.

*Законот за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија според извршената оцена на ризикот при работа со ГМОи во контролирани услови се дефинирани 4 класи на степен на ризик, исто како и во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија.

**Процес на нотификација**

Дефиницијата за нотификација и нотификатор, податоците кои треба да ги содржи нотификацијата, начинот на издавањето на дозволите и кој е надлежен за истите се јасно и прецизно дефинирани во сите три закони, кои беа предмет на нашите истражувања.

**Мониторинг**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во членот со кој е опфатен мониторингот во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија, нотификаторот е должен според претходно изготвениот план за мониторинг, да го изврши истиот и да ги информира надлежните органи, а тие пак треба да ја информираат јавноста.

Сметаме дека е потребно подетално разработување на овој член од законот со цел за усогласување на македонскиот закон со законот во ЕУ.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законот од ЕУ процесот на следење е подетално опфатен, а генерално се однесува на истите постапки како и во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија. Нотифакоторот е должен во определени временски интервали да поднесува извештаи од спроведениот мониторинг до надлежните органи, односно до Комисијата за ревизија на Директивата.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија, нотификаторот поднесува извештај на одредени временски интервали до Министерство за земјоделство и шумарство, а Министерството назначува свој претставник кој има право да направи ревизија на веќе извршената контрола. Податоците од извршениот мониторинг се достапни за јавноста.

**Означување**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Членот кој се однесува на означување на продуктите, во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија е многу краток и нејасен во споредба со другите закони. МСЖПП е надлежно за означување на производите, и на етикетите треба да биде напишано „Овој производ содржи генетски модифицирани организми„, но не е наведен во кој % истите се содржани и кој организам е модифициран. Обемот на податоците на пакувањето или на декларацијата од производот и правилата за пакување ги пропишува МСЖПП во согласност со претходно добиено мислење од Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во овој дел потребно е да се дефинираат и подзаконските акти за да може законот да се спроведе во целост.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Директивата од ЕУ е дополнета со посебна Регулатива која се однесува на одредување на присуството на траги од ГМОи и означување на производите кои се пласираат на пазарот, меѓутоа и одредување на присуството на траги од ГМОи и означување на семињата и храна која е наменета за исхрана на животните. Оваа регулатива е донесена со цел да се заштити здравјето на луѓето и животната средина, за да не дојде до нарушување на биодиверзитетот во природата. Максималното дозволено количество на присутни ГМОи е 0.9%, во производите кои се пласираат на пазарот и исто така на етикетата е назначено името на генетски модифицираниот организам. Доколку има присуство на траги од ГМОи се наведува дека производот содржи случајни или технички неуништени ГМОи. Формирана е посебна Комисија за контрола на означувањето и доколку тоа не е спроведено правилно следуваат казни. Исто така има посебна Комисиска Регулатива која се однесува на формирање на систем за развој и проценка на уникатни идентификатори за ГМОи.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија, има посебна формулација за содржината на етикетата. За производите кои се пласираат по маркетите, назначено е индустриското име на производот, дека истиот содржи ГМОи и името на организмот, податоци за производителот, информација за начинот на достапност на Регистарот за ГМОи. Во овој закон дозволено е производите да содржат максимално 0.5% ГМОи. Како дополнителна информација на етикетата може да биде наведено и која е разликата при консумирање на храна што содржи ГМОи и храна која не содржи ГМОи, да се наведе регионот од каде потекнува истата, како правилно да се чува и складира храната со ГМОи, мерки што треба да се превземат при неправилна употреба на храна со ГМОи. Доколку има присуство на траги од ГМОи се наведува дека производот содржи случајни или технички неуништени ГМОи.

**Увоз на ГМОи**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Република Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи на Република Македонија, увозот се врши според претходно издадени дозволи за ограничено користење, намерно испуштање на ГМОи и пуштање во промет на производи што содржат ГМОи. Дозволите ги издава МЖСПП, а задолжителното управување и посебните услови ги пропишува Министерот за животна средина и просторно планирање.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството на ЕУ е спомнато дека производите кои содржат и/или се состојат од ГМОи, не можат да се увезуваат во заедницата доколку не одговараат на одредбите опфатени со оваа Директива.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија дозволи за увоз на ГМОи и на производи што содржат ГМОи ги издава Министерство за животна средина и води или Министерсво за земјоделство и шумарство, но мора да биде наведен и видот на генетски модифицираниот организам, кој се увезува.

**Извоз на ГМОи**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Според членот за извоз на ГМОи и производи кои ги содржат истите, задолжителното управување и посебните услови ги пропишува Министерот за животна средна и просторно планирање.

Потребно е да се дефинираат подзаконските акти кои се однесуваат на овој член за да може законот да се спроведе во целост.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството на ЕУ не се среќава посебен член за извоз на ГМОи и производи кои ги содржат истите.

*Закон за ГМОи во Република Бугарија*

Во членот за извоз детално е разработен извозот на ГМОи кои се наменети за ослободување во животната средина и извоз на ГМОи кои може да се употребуваат како храна или крма. И во двата случаи се поднесува нотфикација во која прецизно се дефинирани сите податоци кои треба да ги достави нотификаторот. Дозволата се издава од страна на Министерството за животна средина и води, во првиот случај или од страна на Министерството за земјоделство и шумарство во вториот случај.

## Транзит на ГМОи

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија не се среќава посебен член кој се однесува на транзит на ГМОи низ територијата на Република Македонија.

Сметаме дека треба да постои член кој се однесува на транзит на ГМОи низ територијата на Р. Македонија, за да се заштити животната средина од случајно испуштени ГМОи. Со овој член всушност ќе се регулира транспортот на живи модифицирани организми преку нејзината територија, што би било во согласност со Протоколот од Картагена.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во европското законодавство не се среќава посебен член со кој е регулиран транзитот на ГМОи низ териториите на земјите членки на ЕУ.

*Закон за ГМОи во Република Бугарија*

Во членот за транзит, лицата кои сакаат да транзитираат ГМОи поднесуваат содветен писмен документ со сите потребни информации до Министерството за животна средина и води и доколку е одобрен транзитот, лицата треба да се придржуваат до договорот, а Министерството за животна средина и води ги известува Министерството за земјоделство и шумарство и Агенцијата за Царина за транзитот кој ќе биде извршен.

## Трансгранично движење на ГМОи

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија не се среќава посебен член со кој е регулирано трансграничното движење на ГМОи во соседните земји на Република Македонија.

Сметаме дека во Македонскиот закон треба да постои член кој се однесува на трансграничното движење на ГМОи во териториите на соседните држави, за да се заштити животната средина од случајно внесени ГМОи, кое е во согласност со Протоколот од Картагена.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во европското законодавство не се среќава посебен член со кој е регулирано трансграничното движење на ГМОи.

*Закон за ГМОи во Република Бугарија*

Во членот за непредвидено трансгранично движење на ГМОи, се предвидени мерките што треба да се превземат од страна на Министерството за животна средина и води, а се мисли на известување на јавноста, засегнатите држави, меѓународните организации, како и изготвување на план за дејство и спроведување на соодветни мерки.

## Регистар на ГМОи

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во членот кој се однесува на Регистарот на ГМОи во работната верзија на законот за ГМОи на Република Македонија е објаснето кои документи ги содржи регистарот како што се нотификации за просториите, ограниченото користење, намерното ослободување на ГМОи во животната средина и пуштањето во промет како и потврдите кои се издадени за горе наведените барања. Регистарот е јавен документ кој го води и одржува Министерството за животна средина. Податоците кои се заштитени и означени како доверливи не влегуваат во регистарот на ГМОи.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Регистарот кој содржи информации за ГМОи, се среќава во Регулативата која се однесува на одредување на траги и означување на ГМОи, а е основана од Комисијата во согласност со ЕУ Директивата. Централниот регистар треба да ги содржи сите информации и материјали за известување за ГМОи кои се овластени и тие треба да бидат достапни и ставени на ниво на заедницата. Регистарот е достапен за сите компетентни власти и за јавноста.

*Закон за ГМОи во Република Бугарија*

Регистар во законот во Република Бугарија се среќава во членот кој се однесува на работата со ГМОи во контролирани услови, при што министерот за животната средина и води дава наредба за внесување на сите податоци што се однесуваат на  работата со ГМОи во контролирани услови во регистарот.

## Надзор

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во делот што се однесува на надзорот, односно во членот за инспекциски надзор во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија се наведени надлежните инспекциски органи кои можат да вршат контрола и надзор во согласнот со своите надлежности определени со законот, како и мерките кои може да ги превземат надлежните инспекторати.

Во овој дел не се наведени надлежностите кои ги имаат надзорните инспекторати, предвидени со законот.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во ЕУ законодавството во посебен Анекс има изготвено информации за техники за следење, контрола на пуштањето, третман на отпадот и планови за итна интервенција.

Земјите членки ќе назначат орган или органи кои ќе бидат надлежни за барањата на оваа Директива, а исто така ќе се погрижат дали надлежниот орган ќе ги спроведува соодветните инспекциски и контролни мерки.

Надзорниот Комитет е одговорен за спроведување и контрола на одредбите во рамките на оваа Директива. Исто така секоја од земјите членки треба да превземе дополнителни мерки преку официјални служби, за следење и инспекција на ГМОи како производ или во производите пласирани на пазарот, како и спроведување на систематски и независни истражувања на потенцијалните ризици кои може да се јават како резултат на намерното пуштање или пласманот на ГМОи на пазарот. Комисијата формирана во рамките на оваа Директива има целокупна одговорност околу нотификациите, од нивното поднесување па до нивното одобрување или неодобрување како и поднесувањето на извештаи до јавноста и до соодветните органи. Комисијата има обврска да донесе законодавен предлог за одговорноста за животната средина, во кој ќе биде опфатена и штетата од ГМОи. Земјите членки и Комисијата треба да ја консултираат јавноста за сите превземени мерки и да и ги дадат на увид информациите содржани во системот на размена на информации (кој постои само во ЕУ законодавството) а се однесува на размена на информации помеѓу Комисијата и Научните Комитети и другите надлежни органи.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија во членот за контрола, наведени се сите надлежни органи кои може да вршат контрола при управување со ГМОи, со прецизно дефинирани надлежности и мерки кои може да ги превземат.

**Казнени одредби**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија, во делот за казнени одредби, поточно во членот за прекршоци се пропишани парични казни во износ од 50 000 до 300 000 денари за правните лица кои направиле некој прекршок и притоа се наведени сите случаи кои се сметаат за прекршоци. Исто така може да биде казнето и физичко лице кое е член на научен комитет, ако не ги заштити податоците кои се одредени како доверливи во согласност со овој Закон и казната изнесува од 1 000 до 50 000 денари.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството од ЕУ, членот кој се однесува за казни е многу краток во споредба со работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија и законот за ГМОи во Република Бугарија. Овде само е кажано дека казните ќе бидат делотворни, примерни и дестимулирачки, а Земјите членки ќе ги утврдуваат казните што ќе се применуваат при прекршување на националните одредби кои се донесени согласно со оваа Директива.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија, во делот за административно-казнени мерки, е нагласено дека членовите на Комитетот, надлежните лица од специјализираната администрација, експертите и другите надлежни лица кои не ги почитуваат доверливите информации, ќе бидат казнети по 5 000 лева (15 000 денари), а сите прекршоци кои се однесуваат на правни лица се убаво објаснети и во зависност од тоа за каков прекршок се работи се пропишани парични казни од 10 000 (30 000 денари) па до 1 000 000 лева (3 000 000 денари)

Во секој закон има утврдено соодветни парични казни, кои како што може да се забележи се доста високи, но сепак нема адекватна казна која што може да ја замени штетата што е направена при неконтролирано испуштање или недозволено управување со ГМОи. Сметаме дека ова претставува апел до сите Македонски граѓани да се придржуваат до законот, за да не се соочуваме со штетни последици врз животната средина и врз здравјето на човекот.

**Преодни и завршни одредби**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во делот што се однесува на преодни и завршни одредби, во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија се наведени неколку членови и тоа :

- Владата на Република Македонија, во рок од 9 месеци од денот на влегување во сила на овој Закон, е должна да формира Комисија за управување со ГМОи и научни комитети;
- Поконкретни прописи за извршување на овој Закон ќе се донесат во рок од 1 година од денот на влегување во сила на овој Закон;
- Овој закон влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот весник на Република Македонија.

Од денот на влегување на законот во сила, потребно е да се формира Комисија во најкраток временски период, а не во горе споменатиот рок од 9 месеци, како и брзо донесување на подзаконските акти, за да може побрзо да се имплементира законот. Формирањето на Комисијта е од големо значење поради тоа што таа е задолжена за

спроведување на поголемиот дел од членовите во овој закон.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Директивата 2001/18/ од страна на Европскиот парламент и Советот, а се однесува на намерното пуштање на ГМОи во животната средина била донесена на 12.03.2001 година.

Оваа Директива стапила на сила на денот на нејзиното објавување во Службениот весник на Еврорските заедници.

Земјите членки ги ставиле во сила законите, прописите и административните одредби неопходни за усогласување со оваа Директива на 17.10.2002 година.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Законот за ГМОи во Република Бугарија е прифатен на Народното Собрание на 15.03.2005 година, а стапил во сила на 01.06.2005 година.

После 1 месец од стапувањето во сила на законот Министерот за животна средина и води и Министерот за земјоделство и шумарство издаваат со закон список за ГМОи, кој е утврден од страна на Земјите-членки и објавен во Службениот весник на Европските заедници. Овој список се прегледува и надополнува периодично.

**Учество на јавноста и информирање**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија, делот што се однесува на информирање на јавноста почнува со начелото на учество на јавноста и пристап до информации, потоа изведување на консултации и информирање на јавноста за случаи во кои се бара издавање на дозволи преку јавни расправи со мислења и коментари и информирање на јавноста за веќе издадените дозволи. Министерството за животната средина и просторно планирање е задолжено за информирање на јавноста, додека пак податоците за ограничено користење, намерното ослободување на ГМОи во животната средина и пуштањето на производи во промет се достапни за јавноста.

Во делот за информирање на јавноста сметаме дека нашиот закон е во согласност со ЕУ Директивата во процесот на приближување на нашето законодавство кон ЕУ.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството од ЕУ, со цел да се добие сеопфатна и транспарентна законодавна рамка, неопходно е Комисијата или земјите членки да ја консултираат јавноста за време на подготвувањето и превземањето на мерките при спроведување на оваа Директива, а при тоа сите коментари треба да бидат земени во предвид. Исто така и тука има посебни делови во кои се предвидени консултирање и информирање на јавноста и информации за јавноста, вклучувајќи и одреден временски рок со цел да и се даде можност на јавноста да го искаже своето мислење кое пак ќе биде доставено до Комсијата и ќе биде земено во обзир.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

При извршената анализа на законот за ГМОи во Република Бугарија, невообичаено е што јавноста не е спомената, ниту пак какво било нејзино вклучување или консултирање во процесот на спроведување на овој закон.

**Дополнителни обврски**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи на Република Македонија во членот за дополнителни обврски го сретнавме следново:

- Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да ги превземе сите неопходни мерки за намалување или отстранување на последиците при активности со ГМОи;

- Министерството за животна средина и просторно планирање е должно веднаш да ја информира јавноста за можните последици и превземените мерки;
- Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да покрене постапка за информирање на надлежен орган од друга држава доколку превземените мерки имаат штетно влијание врз човековото здравје и врз животната средина.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството од ЕУ се среќава посебен член наречен општи должности кои треба да ги превземат земјите членки за подобра имплементација на законодавството, а тие се однесуваат на:

- Ќе ги превземат сите соодветни мерки за да се избегне негативните ефекти врз здравјето на човекот и врз животната средина што би можеле да произлезат од намерното испуштање или пласирање на ГМОи на пазарот;
- Во процесот на оценката врз ризикот на животната средина, ќе водат посебна сметка за ГМОи кои содржат гени кои покажуваат отпорност на антибиотици, а се користат за медицински или ветеринарен третман, со цел да се идентификуваат и да се исфрлат ознаките на отпорност кои би можеле да предизвикаат негативен ефект по човечкото здравје и животната средина. Рокот за нивно постепено исклучување е до 31.10.2008 година;
- Ќе водат сметка за негативните ефекти врз човековото здравје и животната средина, кои може да се појават посредно или непосредно, преку пренос на гени од ГМОи на други организми;
- Ќе назначат орган или органи кои ќе бидат надлежни за почитување на барањата на оваа Директива;
- Ќе водат сметка дали надлежниот орган ќе врши инспекции и други контролни мерки. Ако дојде до испуштање на ГМОи или пласирање на пазарот без никакво одобрение, засегнатата земја членка ќе се погрижи да бидат превземени неопходни мерки;
- Ќе превземат мерки за да се обезбедат сите информации за барањата за одбележување на ГМОи во производот и следење на сите фази на пласирање на продуктите од ГМОи на пазарот;

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија има дел за принудни административни мерки кои се однесуваат на прекршување на мерките предвидени со овој закон и отстранувањето на последиците од тоа, тие се:

- Повлекување од пазарот на ГМОи и производи кои содржат или се состојат од ГМОи;
- Запирање на експлоатациајта при управување со ГМОи и објекти кои пласираат ГМОи на пазарот;
- Уништување на ГМОи или производи кои содржат ГМОи;

**Оцена на ризикот врз животната средина**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија нема посебен дел во кој е дефинирана постапката за оценување на ризикот по животната средина. Единственото нешто што се однесува на ризикот на животната средина е спомнато дека во постапката на нотификација секое лице што сака да добие соодветна дозвола покрај нотификацијата треба да направи и поднесе проценка на ризикот врз животната средина поврзан со работата со ГМОи, но сето тоа не е доволно добро објаснето како што е во другите закони спомнати подолу.

Сметаме дека овој процес е од големо значење и затоа би требало да биде дефиниран подетално, во вид на Анекс или посебна Регулатива. На тој начин македонскиот закон би бил во согласност со ЕУ Директивата.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството од ЕУ во посебен Анекс, наречен Начела за оценување на

ризикот врз животната средина (ОРЖС) во општи црти се опишани целите што треба да се постигнат, елементите што треба да се земат во предвид и општите начела и методологијата кои треба да се применат при ОРЖС. Секое лице кое сака да добие дозвола покрај нотификацијата треба да достави и процена на ризикот врз животната средина. Во овој дел се дефинирани изразите за „непосредно, посредно, моментално и подоцнежно„ дејство или ефект кој може да се појави врз здравјето на човекот или врз животната средина. Исто така во овој дел е направена и анализа на „кумулативните долгорочни ефекти“ релевантни за пуштањето и пласирањето на пазарот.

Подолу е дефинирана целта на ОРЖС, а тоа е идентификација и проценка на потенцијалните негативни ефекти од ГМОи врз здравјето на човекот и врз животната средина кои може да произлезат од намерно испуштање или пласирање на ГМОи на пазарот. ОРЖС треба да се спроведе за да се утврди потребата од управување со ризикот и да се применат најсоодветните методи.

Исто така во овој Анекс се дефинирани:

-општите начела врз кои треба да е заснована ОРЖС;

-методологијата која се користи при ОРЖС а во неа спаѓаат карактеристики на ГМОи и нивно испуштање и етапи при спроведување на ОРЖС;

-заклучоци за потенцијалните ефекти врз животната средина како резултат на пуштањето или пласирањето на ГМОи на пазарот.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија, на сличен начин како во ЕУ Директивата во посебен Анекс се приложени принципите за извршување на оцена на ризикот врз животната средина и човековото здравје.

Целта на оцената на ризикот (ОР) се врши посебно за секој случај, односно се врши идентификација и оцена на потенцијалните штетни последици од ГМОи врз здравјето на човекот и врз животната средина. Со ОР може да се идентифицира потебата од примена на методи, како и кои методи треба да се применат.

Исто така како и во ЕУ Директивата дефинирани се општите принципи врз кои се темели ОР, методологијата која се користи при ОР и заклучоците за потенцијалното дејство врз животната средина од ослободувањето на ГМОи или од нивно пуштање на пазар.

## Следење при работа со ГМОи

*Работна верзија на закон за ГМОи во Македонија*

Во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија нема посебен Анекс кој се однесува на следење при работа со ГМОи, има само еден член наречен план за итни случаи, но овој план треба да биде подготвен од нотификаторот во случај да дојде до несреќа и треба да биде поднесен до Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за одбрана и до општините на чии територии ќе се извршуваат активности со ГМОи.

Сметаме дека овој процес е од големо значење бидејќи со него може да се идентификува појавата на можни негативни ефекти од употребата на ГМОи и затоа би требало да биде дефиниран подетално, во вид на Анекс или посебна Регулатива. Овој член постои во работната верзија на македонскиот закон, а отсуствува во бугарскиот закон, со што е направен добар чекор за усогласување со ЕУ Директивата.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во ЕУ Директивата има посебен Анекс кој е наречен План за следење и се однесува на пласирањето на ГМОи на пазарот, а започнува откако ќе се добие согласност за тоа. Во него се опишани целите што треба да се постигнат и општите принципи кои треба да се земат во обзир при изготвувањето на планот за следење. Целта на планот за следење е дали некоја претпоставка што се однесува на можни негативни влијанија е точна, како и идентифицирање на појавата на негативните ефекти од употребата на ГМОи врз здравјето на човекот или врз животната средина.

Изработката на планот за следење, се состои од детална подготовка пришто треба да се земе во предвид ОРЖС, карактеристиките на ГМОи и на животната средина во која се

планира да се испуштат истите, треба да има општ надзор на непредвидените ефекти, треба да го олесни на систематски начин набљудувањето на испуштањето на ГМОи во животната средина, треба да утврди лице кое ќе ги извршува различните задолженија што се наведени во планот за следење, да ги разгледа механизмите за идентификување и потврдување на сите негативни ефекти врз здравјето на човекот и врз животната средина.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија не се среќава посебен анекс или член кој се однесува на план за следење на испуштањето на ГМОи во животната средина.

**Пуштање производи во промет**

*Работна верзија на законот за ГМОи во Македонија*

Пуштање во промет на производи кои се пороизведени или содржат ГМОи во работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија е разработено во посебен дел, кој се состои од повеќе членови. Дозволата за пуштање производи во промет ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање по претходно издадена согласност од страна на Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Постои член во кој нотификаторот е обврзан да достави процена на ризикот за планираното пуштање производи во промет, треба да достави нотификација со пропишаните информации, треба да назначи доверливи информации кои ќе бидат заштитени во текот на постапката. Постои член во кој Министерството за животна средина и просторно планирање треба да изработи извештај за процена на производот кој ќе биде доставен до нотификаторот. Во посебни членови се обработени содржината на дозволата начинот и издавањето на дозволата за пуштање на производите во промет како и можностите за нејзино продолжување. Постојат членови во кои е опфатена консултацијата со јавноста и информациите за јавноста. Во делот за пуштање на производите во промет има членови за означување на ГМОи и означување на производите, но тие членови се многу кратко објаснети.

*Закон за ГМОи во ЕУ*

Во законодавството на ЕУ, нема посебен дел, но има неколку членови кои се однесуваат на пуштањето на ГМОи или производи кои содржат ГМОи. Тие се однесуваат на тоа дека ниту еден производ кој содржи ГМОи не смее да биде пуштен во промет без претходно да биде подложен на теренски испитувања во истражувачко-развојната фаза во екосистемите врз кои што користењето на производи може да има штетно влијание. Заедницата треба да биде информирана за секој ГМО или производ кој содржи ГМОи и да биде консултирана за истото. Исто така неопходно е да се обезбеди способност за следење во сите фази на пласирањето на ГМОи и производи кои содржат ГМОи на пазарот. Кога на пазарот се пласира производ што содржи ГМОи и е одобрен според оваа Директива, земјата членка не смее да го забрани, ограничи или да го попречи неговот пласирање на пазарот.

*Закон за ГМОи во Бугарија*

Во законот за ГМОи во Република Бугарија, пуштањето на производи во промет е во согласност со работната верзија на законот за ГМОи на Република Македонија со таа разлика што овде Министерството за земјоделство и шумарство е задолжено за издавање на дозвола за пуштање во промет на ГМОи или производи кои содржат ГМОи.

## Заклучоци

Иницијативата на МЖСПП за изработка на закон за генетски модифицирани организми е повеќе од добредојдена, бидејќи Македонија како кандидат за членка во ЕУ, треба да го усогласи своето законодавство со Европската легислатива. Според анализата на Еко-свест, работната верзија на законот за ГМОи во Р. Македонија е направена во согласност со ЕУ Директивата за намерно испуштање на ГМОи во животната средина, но сите членови не се добро разработени и потребни се негови дополнувања, како и изработка на подзаконски акти. Недозволено испуштање на ГМОи има штетни влијанија како врз здравјето на луѓето, така и врз животната средина, па според тоа, од големо значење е да се доработи нацрт верзијата а законот побрзо да стапи на сила.

Мора да се напомене дака работната верзија на законот за ГМОи на Република Македонија е даден само како основна верзија без дополнителни регулативи и анекси. Некои од членовите се многу кратки и нејасни, а тоа се следните делови:

- Нема точно дефинирани надлежности за секоја од институциите кои се задолжени за инспекциски надзор.
- По донесување на законот, не е дефинирано кој ке биде задолжен за имплементација на истиот.
- Воопшто не е споменат Протоколот на Картагена, и дали постои советодавно тело кое е задолжено за имплементација на истиот.
- Во делот за означување на ГМОи и производи кои ги содржат истите не е пропишано дозволеното максимално количество на ГМОи, процентот кој е содржан и името на организмот кој е модифициран.
- Нема дефинирано дека треба да има референтана лабораторија и кои услови треба да ги исполнува истата.
- Не е посветено доволно внимание на оценката на ризикот врз животната средина.
- Не е дефинирано под кои услови треба да се врши транзит на ГМОи низ територијата на Република Македонија, како и за трансгранично движење на ГМОи во соседните земји.
- Како позитивни страни на работната верзија на законот за ГМОи на Република Македонија е активно вклучување и информирање на јавноста за работата со ГМОи како и дефинирање на начелата врз кои треба да се темели законот.

## Препораки

Целта на овие препораки не е во негативна конотација, туку да придонесеме кон усовршување на работната верзија на законот и да се даде увид во деловите на законот кои треба да се подобрат.

**Препораки до МЖСПП** - да се дефинираат подзаконските акти и анекси кон законот, да се погрижат за имплементација на истиот;
**Препораки до Влада/ Собрание на РМ** - да се забрза постапката за донесување на законот и да се формира Комисија за ГМОи;
**Препораки до НВОи** - да лобираат кај владата за итно донесување на законот, и да ја подигнат јавната свест за ГМОи. Да ни се приклучат активно во спроведување на кампањата за ГМОи;
**Препораки до граѓаните** - да го искористат своето право за пристап на информации за да се информираат каква храна консумираат, што содржи истата и во кој процент.

**Други коментари и забелешки на работната верзија на законот за ГМОи во Република Македонија**

На полето за заштита од генетски модифицирани организми работат невладината организација „Вила Зора„ од Велес, која воедно е членка на Движење на екологистите на Македонија – ДЕМ. Кон крајот на минатата година била одржана работилница на оваа тема и биле присутни претставници од МЖСПП, други членови кои учествувале во изработката на законот и НВОи. Тие направиле анализа на постојната работна верзија на законот за ГМОи во Република Македонија и сите коментари биле испратени до МЖСПП на почетокот на оваа година. До публикувањето на оваа анализа тие немаат добиено никаков одговор. Овие препораки може да се добијат од канцеларијата на ДЕМ, а исто така информации може да се најдат на нивните веб страни www.dem.org.mk и www.vilazora.org.mk

## Анекс 1

Регулативи кои се донесени после стапувањето во сила на Директивата 2001/18/ донесена од страна на Европскиот парламент и Советот, а се однесува на намерното пуштање на ГМОи во животната средина.

- Комисиска Регулатива бр. 641/2004 донесена на 06.04.2004 година, а се однесува на деталните правила за имплементирање на Регулативата бр. 1829/2003 од Европскиот парламент и совет, во однос на примена на овластувањата за нови генетски модифицирани храни и крма, нотификација на постојни продукти и позитивно оценети материјали со присуство на случајни или технички неизбегливи ГМ елементи.
- Комисиска Регулатива бр. 65/2004 донесена на 14.01.2004 а се однесува на формирање на систем за развој и проценка на уникатни идентификатори за ГМОи;
- Регулатива бр. 1829/2003 од Европскиот парламент и совет донесена на 22.09.2003 а се однесува на ГМ храна и крма;
- Регулатива бр. 1830/2003 од Европскиот парламент и совет донесена на 22.09.2003 а се однесува на одредување на траги и означување на ГМОи и одредување на траги во прехрамбени продукти и продукти за исхрана на животните произведени од ГМОи.

**Користена литература:**

Списание *Економист*:
„GM foods“ Jun 30th 2005.
„GM foods and trade- The Luddites make ground“ Jun 30th 2005.
„Genetically modified crops-Amaizing“ Nov 6th 2003.
„Genetically modified food-Far less scary than it used to be“ Jul 24th 2003
„Genetically modified weaklings“ Feb 8th 2001
„GM crops-Trade trouble ahead“ Jan 13th 2005

Енциклопедија *Wikipedia*
„Trade war over genetically modified food“
„Genetically modified food“